Уп. бр.08-79

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., со седиште на Под Скало 4, 4260, Блед, Словенија и АЛФИ ПЕ д.о.о. специјализиран инвестициски фонд к.д. со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, преку адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 11.08.2021 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се утврдува дека концентрација која се однесува на стекнување заедничка контрола од страна на Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., со седиште на Под Скало 4, 4260, Блед, Словенија и АЛФИ ПЕ д.о.о. специјализиран инвестициски фонд к.д. со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија над МДТ&Т ДРУШТВО ЗА МЕДИЦИНСКА ДИЈАГНОСТИКА, ТЕРАПИЈА И ТЕХНОЛОГИЈА Д.О.О., Лавричева 1, 2000 Марибор, Словенија со зависното друштво ШУБИЦ-ДИАБЕТОЛОГИЈА ИНТЕРНА МЕДИЦИНА Д.О.О., Лавричева 1, 2000 Марибор, Словенија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840…03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 20.07.2021 година а дополнето на 03.08.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., со седиште на Под Скало 4, 4260, Блед, Словенија и АЛФИ ПЕ д.о.о. специјализиран инвестициски фонд к.д. со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, која се однесува на стекнување заедничка контрола од страна на Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., Блед, Словенија и АЛФИ ПЕ д.о.о. специјализиран инвестициски фонд к.д. Љубљана, Словенија над МДТ&Т ДРУШТВО ЗА МЕДИЦИНСКА ДИЈАГНОСТИКА, ТЕРАПИЈА И ТЕХНОЛОГИЈА Д.О.О., Лавричева 1, 2000 Марибор, Словенија со зависното друштво ШУБИЦ-ДИАБЕТОЛОГИЈА ИНТЕРНА МЕДИЦИНА Д.О.О., Лавричева 1, 2000 Марибор, Словенија по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., Блед Словенија извршува голем број активности во специјализираниот сектор за здравствена заштита. Врши прегледи кои се главно амбулантски, додека во одреден број случаи потребна е хоспитализација на

пациентот. Главната активност е да се постигне дијагноза во најкус можен рок врз основа на сите потребни испитувања.

Дијагностички центар Вила Богатин е основан во 1992 и со тоа е првиот дијагностички центар во Словенија. На почетокот, неговата главна активност била гастроентерологија; во годините што следеле, неговиот обем на активности се зголемувал. Денес, единици на Подносителот функционираат во Блед, Љубљана и Ново место.
Дијагностички центар Вила Богатин ги обезбедува следните медицински клиники на пациентите: гастроентерологија, урологија, кардиологија, ортопедија, Х-зраци и ултразвук, алергологија, тиреологија, клиника за остеопороза, дерматологија, гинекологија, консултации за исхрана.

Директни акционери на Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., се Заваровалница Триглав (40.0656%) и Позаваровалница Сава (40.0656%) и со тоа ќе се стекнат со индиректна контрола над целното друштво.

Позаваровалница Сава е крајно матично друштво на Сава Осигурување Групата.

Сава Осигурување Групата има три поврзани друштва во Северна Македонија:
- Сава Осигурување АД Скопје, со седиште на ул. Загребска бр.28А, 1000 Скопје и предмет на работење неживотно осигурување,
-Сава Пензиско Друштво АД Скопје со седиште на ул. Мајка Тереза бр.1, 1000 Скопје и предмет на работење дејности на управување со фондови и
Сава Стејшн ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Загребска бр.28Б – локал 20, 1000 Скопје со предмет на работење технички испитувања и анализи.

Заваровалница Триглав е крајно матично друштво на Триглав Групата.

Триглав Групата моментално има три поврзани друштва во Северна Македонија:
- Триглав Осигурување АД Скопје со седиште на ул. Булевар 8ми Септември бр. 16, 1000 Скопје и предмет на работење неживотно осигурување,
- Триглав Осигурување Живот АД Скопје со седиште на Булевар 8ми Септември бр. 18, кат 2, 1000 Скопје и предмет на работење осигурување на живот и
-Триглав пензиско друштво АД Скопје со седиште на Булевар 8ми Септември бр. 18, кат 2, 1000 Скопје и предмет на работење дејности на управување со фондови.

Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., нема поврзани друштва со седиште надвор од Словенија.

АЛФИ ПЕ д.о.о. специјализиран инвестициски фонд к.д се наоѓа под непосредна контрола на друштвото АЛФИ ПЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија. Претежна дејност на АЛФИ ПЕ д.о.о. специјализиран инвестициски фонд к.д е старателски фондови (трустови), инвестициони фондови и слични финансиски ентитети. Претежна дејност на АЛФИ ПЕ е управување со фондови. АЛФИ ПЕ и АЛФИ ПЕ д.о.о. специјализиран инвестициски фонд к.д во своето работење се фокусираат во вложување во иновативни и брзорастечки трговски друштва кои имаат седиште и ја вршат својата активност претежно во Словенија и Хрватска.
АЛФИ ПЕ се наоѓа под контрола на АЛФИ СКЛАДИ, управување со фондови д.о.о. со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија.

АЛФИ ПЕ СИС Групата во Северна Македонија моментално има 2 поврзани друштва:
- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје со седиште на Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје и предмет на работење Трговија на големо со друга стока за домаќинствата и
- ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Христо Татарчев 121 Г, Кисела Вода, Скопје и предмет на работење дејности на агенциите за собирање и наплата на сметки и кредитни канцеларии.

МДТ&Т ДРУШТВО ЗА МЕДИЦИНСКА ДИЈАГНОСТИКА, ТЕРАПИЈА И ТЕХНОЛОГИЈА Д.О.О., пружа услуги воглавно во полето на радиолошката дијагностика (МР, рендген и ултразвучна дијагностика) која денес е неопходна за проценка за здравствената состојба на пациентите. Покрај тоа, дава услуги и во областа на тиреологијата. ШУБИЦ-ДИАБЕТОЛОГИЈА ИНТЕРНА МЕДИЦИНА Д.О.О. дава услуги во областа на дијабетологијата.
Целното друштво нема поврзани друштва со седиште надвор од Словенија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф.Д-р Владимир Наумовски**